sagemax

# Упатство за употреба

NexxZr®

**Течност за боење**

# Содржина

**Информации за производот** **3**
Состав на материјалот 3
Индикации 3
Контраиндикации/ограничувања на користењето 3
Општи напомени за ракувањето 3
Предупредувања 4

**Техники на боење – преглед** **4**
Опција А – Инфилтрација/процес на потопување 4
Опција Б – Техника на четкање и инфилтрација/процес на потопување 4
Време на потопување 5

**Крајно сушење** **5**

**Агломерација** **6**

# Информации за производот

Течностите за боење што се достапни од Sagemax Bioceramics, Inc. нудат широк обем на опции за бои и обезбедуваат репродуктивни и високо естетски резултати за реставрации од циркониум оксид.

**Течност за боење NexxZr® T**
- Течности за боење за белите реставрации на NexxZr T со помош на инфилтрација со потопување пред процесот на агломерација
- Течности за боење за инфилтрација со потопување во 16 нијанси на заби A–D

**Течност за боење NexxZr® +**
- Течности за боење за белите реставрации на NexxZr T со помош на инфилтрација со потопување пред процесот на агломерација
- Течности за боење за инфилтрација со потопување во 16 нијанси на заби A–D

**Течност за боење со ефект NexxZr®**
- Течности со ефект за NexxZr T white и бели реставрации на NexxZr + со инфилтрација на индивидуални нијанси во кафеави, сини, сиви и виолетови нијанси, како и инцизален засилувач.

**Состав на материјалот**

| Хемиски состав | Течност за боење со ефект NexxZr | | Течност за боење NexxZr T | Течност за боење NexxZr + |
|---|---|---|---|---|
| | Кафеава, сива, виолетова | Сина, инцизален засилувач | | |
| Пигмент за боење | < 4% | < 8% | < 4% | < 10% |
| Вода | < 96% | < 92% | < 96% | < 90% |
| Азотна киселина | < 1% | < 1% | < 1% | < 1% |

**Индикации**
Течностите за боење NexxZr се раствори подготвени за употреба за боење на неагломерирани директни реставрации (коронки и мостови) направени од NexxZr T и NexxZr со помош на техника на инфилтрација.

**Контраиндикации/ограничувања на користењето**
Која било друга употреба што не е наведена во индикациите.

**Општи напомени за ракувањето**
Ве молиме потврдете ја испораката веднаш по приемот во врска со:
- Интегритетот на пакувањето
- Интегритетот на течноста (бистра течност без заматеност или седиментација)
- Присуството на Sagemax Bioceramics како производител на пакувањето, како и присуството на ознаката CE.
- Со користење на течностите боја повеќе од еднаш, осигурете се дека не настанале контаминација или испарување на течностите.

**Течностите NexxZr треба да се чуваат:**
- во оригиналното пакување.
- на температура помеѓу 2 и 28 °C
- заштитени од директна сончева светлина

**Кога са ракува со течностите NexxZr, треба да се запазат следниве точки:**
- Реставрацијата мора да е без прашина, остатоци од стружењето и други загадувачи
- Не растворајте ги течностите за боење.
- Течностите за боење не смеат да се контаминираат.
- Течностите за боење мора да се затворени кога не се користат.
- Доколку има заматеност, течностите за боење веќе не треба да се користат. Контаминацијата поттикнува заматеност (наталожување) или седиментацијата на течноста за боење.
- Не претурајте ги и/или не чувајте ги течностите за боење во метални садови. Генерално, треба да се спречи контактот со метал.
- Течностите со ефект на NexxZr се нанесуваат со чиста неметална четка на реставрацијата.
- Пред употреба, течностите треба да се протресат.

**Потребни алати за боење и инфилтрација се:**
- Пластична кутија за инфилтрација
- Четка
- Пластични клешти

**Општи напомени за стружените реставрации со NexxZr**
- Реставрацијата мора да е без прашина и остатоци од стружењето.
- Реставрациите изработени со помош на влажна обработка треба целосно да се исушат пред инфилтрацијата.
- Инфилтрираните реставрации мора целосно да се исушат пред агломерацијата.
- Општи упатства за крајниот резултат од нијансата: Треба да се примени техника на боење пред крајното совпаѓање на нијансата. Користете систем за реставрации на циркониум и следете го упатството за употреба на производителот.

**Предупредувања**
- Вообичаено зголемените нега и хигиена кога се ракува со хемикалии треба да се применат и кога се ракува со течностите за боење.
- Избегнувајте директен телесен контакт (кожа, усни итн.), особено во случај на алергија на некоја од состојките.
- По случаен контакт со кожата, исплакнете си многу вода.
- По контакт со очите, веднаш исплакнете со многу вода додека го држите очниот капак отворен и консултирајте се со лекар.
- Препорачуваме носење ракавици, заштитни очила и соодветна заштитна облека.
- Течностите NexxZr T, + и течностите за боење со ефект може да предизвикаат дамки на облеката или на други површини.

## Техники на боење – преглед

### Опција А

### Инфилтрација/процес на потопување
1. Потопете ја реставрацијата на струженoт и исчистен циркониум целосно во наполнетата кутија со течноста за боење NexxZr.
2. Обезбедете го соодветното време на потопување за да ја постигнете саканата боја.
3. Плакнете 3 секунди со дестилирана вода.
4. Исушете со хартиена крпа.
5. Обезбедете крајно сушење пред агломерацијата.

### Опција Б

### Техника на четкање и инфилтрација/процес на потопување
1. Нанесувајте го боите со ефект на NexxZr со техника на четкање што го имитира природниот заб.
   a. Инцизални ефекти може да се постигнат со еднократно нанесување на сина, кафеава виолетова или сина нијанса, со користење на четка.

   б. Дополнителни инцизални ефекти може да се постигнат со нанесување на инцизалниот засилувач NexxZr со ефект.
2. Потопете ја реставрацијата на струженоит и исчистен циркониум целосно во наполнетата кутија со течноста за боење NexxZr.
3. Обезбедете го соодветното време на потопување за да ја постигнете саканата боја.
4. Плакнете 3 секунди со дестилирана вода.
5. Исушете со хартиена крпа.
6. Обезбедете крајно сушење пред агломерацијата.

**Време на потопување**

| **Боја** | **Време на потопување NexxZr T** во секунди | **Време на потопување NexxZr +** во секунди |
|---|---|---|
| A1 | 20 | 20 |
| A2 | 20 | 20 |
| A3 | 20 | 20 |
| A3.5 | 20 | 20 |
| A4 | 20 | 20 |
| B1 | 20 | 20 |
| B2 | 20 | 20 |
| B3 | 20 | 20 |
| B4 | 20 | 20 |
| C1 | 20 | 20 |
| C2 | 20 | 20 |
| C3 | 20 | 20 |
| C4 | 20 | 20 |
| D2 | 20 | 20 |
| D3 | 20 | 20 |
| D4 | 20 | 20 |

**Имајте предвид:**
Зависно од големината и густината на реставрациите на циркониум со NexxZr (на пр. мостови и супраструктури задржани со имплант), времето на потопување и крајното време на сушење на инфилтрираната реставрација може да се разликуваат.

## Крајно сушење

Реставрациите на циркониум со NexxZr инфилтрирани со течноста за боење NexxZr треба да се исушат пред агломерацијата.
Агломерацијата при влага треба да се избегнува бидејќи може да доведе до несакана промена на нијансата и да влијае врз процесот на агломерација. За сушење може да се користат инфрацрвена ламба или комора за сушење. Времето на сушење зависи од температурата и големината на објектот/реставрацијата. Ниските температури и големите предмети го продолжуваат процесот на сушење. Сушењето на температури над 140°C може да резултира со дефекти.

## Агломерација

Користете ја следнава програма за агломерација согласно упатството за употреба на NexxZr:

<table>
<tr><th rowspan="2"></th><th rowspan="2">Број на единици</th><th rowspan="2">Времетраење (ч.)</th><th rowspan="2">Фаза</th><th colspan="2">Температура</th><th colspan="2">Брзина на греење/ ладење</th><th rowspan="2">Време на држење (мин.)</th></tr>
<tr><th>°C</th><th>°F</th><th>°C/мин.</th><th>°F/мин.</th></tr>
<tr><td rowspan="4">Стандардно</td><td rowspan="4">5 – 10</td><td rowspan="4">~5,2</td><td>Фаза 1</td><td>20 – 1300</td><td>68 – 2372</td><td>30</td><td>86</td><td>60</td></tr>
<tr><td>Фаза 2</td><td>1300 – 1530</td><td>2372 – 2786</td><td>40</td><td>107</td><td>120</td></tr>
<tr><td>Фаза 3</td><td>1530 – 900</td><td>2786 – 1652</td><td>15</td><td>59</td><td>–</td></tr>
<tr><td>Фаза 4</td><td>900 – 80</td><td>1652 – 176</td><td>20</td><td>68</td><td>–</td></tr>
<tr><td rowspan="6">Долго</td><td rowspan="3">1 – 20</td><td rowspan="3">~10,8</td><td>Фаза 1</td><td>20 – 900</td><td>68 – 1652</td><td>10</td><td>50</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Фаза 2</td><td>900 – 1530</td><td>1652 – 2786</td><td>3</td><td>37</td><td>150</td></tr>
<tr><td>Фаза 3</td><td>1530 – 80</td><td>2786 – 176</td><td>8</td><td>46</td><td>–</td></tr>
<tr><td rowspan="3">>21</td><td rowspan="3">~12,8</td><td>Фаза 1</td><td>20 – 900</td><td>68 – 1652</td><td>10</td><td>50</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Фаза 2</td><td>900 – 1530</td><td>1652 – 2786</td><td>3</td><td>37</td><td>210</td></tr>
<tr><td>Фаза 3</td><td>1530 – 80</td><td>2786 – 176</td><td>8</td><td>46</td><td>–</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Преку ноќ</td><td rowspan="3">неограничено</td><td rowspan="3">~14,3</td><td>Фаза 1</td><td>20 – 250</td><td>68 – 482</td><td>2</td><td>35</td><td>–</td></tr>
<tr><td>Фаза 2</td><td>250 – 1530</td><td>482 – 2786</td><td>4</td><td>39</td><td>240</td></tr>
<tr><td>Фаза 3</td><td>1530 – 80</td><td>2786 – 176</td><td>8</td><td>46</td><td>–</td></tr>
</table>

sagemax

Производител:
**Sagemax Bioceramics, Inc.**
34210 9th Ave. S., Suite 118
Federal Way, WA 98003 USA
Phone: +1 253 214 0389
info@sagemax.com
www.sagemax.com

EC REP

ЕС-претставник:
**AB Ardent**
Generatorgatan 8
19560 Arlandastad, Sweden
Phone: +46 8594 412 57
info@sagemax.com
www.sagemax.com

CE 0123

**Rx only**
**Само за употреба во стоматологијата.**

Овој материјал е развиен само за употреба во стоматологијата. Треба да се користи строго според упатството за употреба. Производителот не презема одговорност за штети што можат да настанат заради непочитување на упатството за употреба или поинакво користење од пропишаното поле на примена. Корисникот е одговорен за тестирање на производите во однос на нивната соодветност и употреба за која било цел што не е изречно наведена во упатството. Описот и податоците не претставуваат гаранција на својствата и не се обврзувачки.

© 2019 Sagemax Bioceramics, Inc.
NexxZr е регистрирана трговска марка на Sagemax Bioceramics, Inc.

Датум: 2019-10-07/Rev. 1
MK